**Р Е Ц Е Н З И Ј А**

# НА РАКОПИСОТ „СКРИПТА ПО АНАТОМИЈА ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ОПТОМЕТРИЈА И ОЧНА ОПТИКА” ОД ДОЦ. Д-Р СВЕТЛАНА ЈОВЕВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.2502 – 121/10 од 117. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 19 мај 2014 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Ники Матвеева, Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- доц. д-р Каролина Блажевска-Бужаровска, Медицински факултет при „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје

за изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис **„СКРИПТА ПО АНАТОМИЈА ЗА СТУДЕНТИТЕ ПО ОПТОМЕТРИЈА И ОЧНА ОПТИКА”** од д**оц. д-р Светлана Јовевска,** наменет за студентите на прв циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Ракописот *Скрипта по Анатомија* за студентите на Оптометрија и очна оптика од доц. д-р Светлана Јовевска е конципиран и пишуван според Наставниот план и програма на предметот Анатомија, кој се изучува на студиите од прв циклус стручни студии, насока Оптометрија и очна оптика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип во прва година, прв семестар, како задолжителен предмет со неделен фонд на часови 3+3+1 и 7 кредити. Ракописот што им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

***Податоци за обемот ракописот***

Се состои од 145 страници и содржи 154 слики. Материјалот стручните студии од насоката Оптометрија и очна оптика, прва година, прв семестар, на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.

*Скрипта по Анатомија* за студентите на Оптометрија и очна оптика е наменет како учебно помагало за студентите на насоката Оптометрија и очна оптика.

Материјалот обработен во скриптата е според предвидената програма и часовите за споменатата студиска насока. Трудот е пишуван со формат со нормален проред, употребен е фонт Arial и со големина на буквите 12.

***Податоци за постоење на сличен или ист наслов***

Ракописот за скриптата е резултат на опсежно пребарување на обемната стручно-научна литература од домашни и светски автори. Достапната литература на македонски јазик е многу пообемна од потребите за насоките за кои е наменет ракописот. Ракописот е напишан на лесен, едноставен и разбирлив јазик, со голем број слики кои многу го олеснуваат совладувањето на материјата.

***Краток опис на содржината***

Анатомијата дава основа за изучување на многу клинички дисциплини,

како и на целата медицина. Се разликуваат повеќе видови анатомии во зависност од тоа како се изнесува и се разликува материјата по анатомија. Најзначајни се: **топографската, систематската, возрасната и ренген анатомија.**

**Топографската анатомија** ги изучува сите органи во одделните делови и регии на човечкиот организам, нивните природни соодноси и проекции според скелетот и површината на телото.

**Систематската анатомија** ги разгледува и ги опишува органите по функционални системи, според одреден редослед. Таа претставува основа за сите други видови анатомии.

**Возрасната анатомија** се занимава со проучување на разликите во формата, тежината, големината, местоположбата, проекциите и структурата на органите и системите на телото во различни периоди од животот, како што се: постнаталниот, детскиот, младинскиот, зрелиот и старечкиот период.

**Ренген анатомија** се занимава со проучување на анатомските структури, какви што се гледаат на рендгенските снимки.

**Орган** е комплексна формација која се состои од повеќе ткива кои заедно имаат одредена форма и функција. Комплекс од функционално усогласени органи кои овозможуваат изведување на една заедничка функција се дефинира како **систем** или **апарат.**

***Поделба на систематската анатомија***

Систематската анатомија, според анатомските единици што ги проучува, се дели на: **osteologia** или наука за коските, **sindesmologia** или наука за зглобовите, **myologia** или наука за мускулите, **splanchnologia** или наука за внатрешните или висцералните органи, **angiologia** или наука за садовите, **neurologia** или наука за нервниот систем и **esteciologia** или наука за сетилните органи.

Во човечкото тело постојат повеќе системи или апарати:

- **локомоторен апарат** е наука за коските, зглобовите, мускулите;
- **дигестивен апарат** е систем кои ги проучува органите за варење;
- **респираторен апарат** ги проучува органите за дишење;
- **урогенитален апарат** ги проучува уринарните и гениталните органи;
- **кардиоваскуларен систем** го проучува срцето и системот на крвните садови;
- **нервен систем** се дели на периферен и централен нервен систем;
- **систем на сетилни органи и кожа** ги проучува сетилата за вид, за слух и рамнотежа, за мирис, за вкус и сетилото за допир;
- **систем на жлезди со внатрешна секреција** се вбројуваат: хипофизата, епифизата, тироидната жлезда, паратироидната жлезда, надбубрежните жлезди, семеникот, јајникот, еднокрин дел на панкреасот.

## З А К Л У Ч О К

Ракописот за *Скриптата по Анатомија* за студентите по оптометрија и очна оптика од доц. д-р Светлана Јовевска, ги опфаќа сите содржини од практичен аспект според Наставната програма и содржина на истоимениот предмет за студентите од првиот циклус за студиската програма Оптометрија и очна оптика на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Со издавање на овај ракопис студентите на споменатата студиска програма имаат можност да ги изучуваат потребниот материјал за теоретска настава во соодветен обем на македонски јазик.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало – скрипта, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Ники Матвеева, с.р.**
**Доц. д-р Каролина Блажевска-Бужаровска, с.р.**